Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈЗУ Клиника за психијатрија,** за интервенција на зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 5 (пет) дрвја (2 чемпреси, орев, јавор и див костен), кои се наоѓаат во кругот на болницата на **ул. „Белградска“ бб – Скопје.**
2. Сечењето на дрвјата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обврзува барателот, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 5 (пет) дрвја, постари од шест години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЈЗУ Клиника за психијатрија, ул. “Белградска” бб - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-5564/1** од **29.05.2023** година, за сечење на дрвја што се наоѓаат во кругот на болницата на **ул. „Белградска” бб – Скопје.**
Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа е утврдено дека зеленилото, предмет на барањето пречи за изведба на градежни работи согласно правосилно Одобрение за градба бр.28 Уп.-120/21 од 01.03.2022 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 3 од истиот закон зелените површините покрај објекти за јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и други) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утвредуваат во самото решение.

Согласно челн 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрвја се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрвја чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото, при што новите дрвја треба да бидат постари од шест години. Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека барателот располага со правосолно Одобрение за градба, дека поради локацијата на која се наоѓаат дрвјата ( градежна парцела на која се започнати работите ), како и поради нивната физичка состојба ( многу високи дрва ) не постојат услови за пресадување на дрвата.
На барателот му е наметнато комензационо садење.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-5564/1/3**
**14.06.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:
_____________________
**Александра Гочевска**

Раководител на Одделение
**Емил Дуровиќ**
_____________________

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
_____________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
_____________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**
_____________________

Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈЗУ Клиника за психијатрија - Скопје,** за кастрење на зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 2 (две) дрвја (чемпреси), кои се наоѓаат во кругот на болницата на **ул. „Белградска" бб – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвјата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**ЈЗУ Клиника за психијатрија, ул. "Белградска" бб - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-5564/1** од **29.05.2023** година, за кастрење на дрвја, кои се наоѓаат во кругот на болницата на **ул. „Белградска" бб – Скопје.** Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа е утврдено дека дрвјата предмет на барањето пречат за изведбата на градежни работи согласно правосилно Одобрение за градба бр.28 Уп.-120/21 од 01.03.2022 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и други) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение.

Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило дека барателот располага со правосолно одобрение за градба и дека заради имплементацијата на одобрението постои потреба од кастрење на зеленилото.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-5564/1/4**
**14.06.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:
____________________
**Александра Гочевска**

Раководител на Одделение
**Емил Дуровиќ**
____________________

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
____________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
____________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**
____________________

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , а во врска со барањето на ЈЗУ Клиника за психијатрија ,Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се укинува одложното дејствие на жалбите на решенијата бр.14-5564/1/3 и бр. 14-5564/1/4 од 14.06.2023 година донесени од Градоначалникот на град Скопје.
2.Решенијата бр.14-5564/1/3 и бр. 14-5564/1/4 од 14.06.2023 година донесени од Градоначалникот на град Скопје може да се реализираат веднаш.
3. Ова решение е конечно и извршно.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барањето на ЈЗУ Клиника за психијатрија овој орган има донесено решенија со кои се дозволува сечење и кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на дрвја кои пречат при изведба на градежни работи согласно правосилно Одобрение за градба бр.28 Уп.-120/21 од 01.03.2022 година, издадено од Министерство за транспосрт и врски.

Во барањето е наведено дека постои потреба од итна интервенција врз предметното зеленило, бидејќи пречат при изведба на градежни работи во кругот на болницата. Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.

Овој орган како неспорно има утврдено дека со реализација на решенијата ќе се овозможи непречено извршување на градежните активност, во интерес на болницата, односно во јавен интерес, па согласно на тоа смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата .
Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

Број **14-5564/1/5**
**14.06.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Изработил:
**Александра Гочевска**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

_______________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

_______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

_______________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT - SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT